ДРУШТВО ЗА НЕМЕТАЛИ
ОПАЛИТ ДООЕЛ
Бр. 0701-29
25.03. 2014 год.
с.Чешиново Чешиново-Облешево

Јавно комунално претпријатие
"Никола Карев"
Бр. 03-224/1
25.03. 2014 год
Пробиштип

# ДОГОВОР

**за чистење на септичка јама**

Склучен на ден:25.03.2014 година помеѓу:

1. ЈКП НИКОЛА КАРЕВ Пробиштип ул. Миро Барага бр.7 со ЕДБ:4022002103620 како давател на услугите од една страна и
2. Друштво за неметали ОПАЛИТ ДООЕЛ с.Чешиново ул.„АСНОМ" б.б. Чешиново-Облешево, ЕДБ:4013992100558, ЕМБС:4481135 од друга страна, како корисник на услугите.

Член 1

Предмет на овој договор е давање на услуги за чистење на септичка јама во кругот на рудникот за неметали во с.Спанчево.

Член 2

Давателот на услугите се обврзува извршувањето на обврската од член 1 на овој договор, да го врши по повик од страна на корисникот на услугата.

Чистењето, давателот на услугите ќе го врши со соодветна опрема и механизација.

Член 3

За извршената услуга, корисникот на давателот на услугата ќе му плаќа износ од 3.540 денари од тура како и за превоз износ од 3.500 денари со вклучен ДДВ.

Плаќањето на услугите корисникот ќе го врши во рок од 15 дена од денот на фактурирањето.

Член 4

Овој договор се склучува на неопределено време.

Член 5

Договорните страни можат да го раскинат договорот по барање на една од страните.

Член 6

Во случај на спор договорените страни се согласни да се реши спогодбено, во спротивно надлежен е Основниот суд - Штип.

Член 7

Договорот е составен во 4 (четири) еднакви примероци од кои по 2 (два) на секој од договоренитестранки.

За Корисник на услуги

Давател на услуги